

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2026

# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 4 април 2026*

## 1. Среќен крај

**„Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас“ (Јован 14,3)**

При крајот на својот живот, Џузепе Верди бил признат како голем композитор. Неговите дела го воодушевувале светот на музиката со силата, префинетоста и сјајот, што било врв во италијанската опера. Меѓутоа, својата кариера не ја почнал успешно. Како млад не можел да се запише на миланскиот конзерваториум, бидејќи му недостасувало образование. Иако неговите музички способности биле очигледни уште во неговото детство, сепак, како син на гостилничар, немал доволно општо образование кое му било неопходно за упис. Сепак, времето прави чудни работи. Откако името на Верди се прочуло во светот, тоа музичко училиште е наречено „Вердиев музички конзерваториум“. Таквиот пресврт ни служи како потсетник дека крајот не е секогаш ист, како и почетокот.

Вердиевото искуство најпрво потсетува на искуството на нашиот Господ Исус, а потоа и на сите нас кои веруваме во Него. Божјиот Син бил исфрлен од своите сонародници бидејќи тие сметале дека Тој не поседува доволно образование и не е од угледно семејство. Иако Исус ја зборувал вистината на моќен и непобитен начин, иако неговите дела зборувале сами за себе, неговите сонародници не го признале (Матеј 13, 53-58). Но, сепак еден ден ќе се поклонат пред Него и ќе Му ја оддадат должната почит (Филипјаните 2,9-10). И ние ќе се радуваме во тој славен датум, зашто и за нас тоа ќе биде среќен крај. Затоа, да му ја искажеме својата благодарност и радост на Господа, нашиот Бог, со песна и молитва.

*Сабота, 11 април 2026*

## 2. Немој да се изненадиш

**„А сега појди – Јас те испраќам кај фараонот, (египетскиот цар,) за да го изведеш од Египет народот Мој, синовите израелски“ (2. Мојсеева 3,10).**

Светот денес е во голема потреба. Мнозина се прашуваат зошто Бог не му помогне на нашиот упропастен свет, на општеството, на скршените луѓе и  да ги излечи раните.

Но, Бог веќе се вклучил во поправањето на човекот. Интервенирал со раѓањето, смртта и воскреснувањето на својот Син Исус Христос. Преку тие најголеми настани во историјата на човечкиот род, Бог го овозможил спасението на најдобар начин исцелувајќи ја најтешката болест на целиот свет, а тоа е гревот.

Бог и денес помага и спасува упропастени животи. Тоа Тој го прави користејќи нè и нас, неговите деца. Токму на таков начин Бог воспоставил врска со Мојсеја кој стоел крај грмушката која не догорувала. Откако ги опишал страдањата на Евреите во ропство, му рекол на Мојсеј дека дошол да го спаси народот од тиранијата на фараонот. Токму тоа Мојсеј и го очекувал од Бога. Но, Бог му рекол: „Ајде сега да те испратам кај Фараонот, за да го изведеш народот мој, синовите Израелови од Мисир“. „Мојсеј веднаш почнал да се правда; ’кој сум јас да одам кај Фараонот’“? Бог му дал јасно ветување: „Јас ќе бидам со тебе!“

Дали се молите на Бог, Тој да ви ги поправи скршените срца, разорените домови, упропастените народи, посебно оние кои ви се блиски? Немојте да се изненадите ако Тој ве испрати да ја завршите таа важна работа и да им помогнете на луѓето кои се во неволја, а исто така и да направите сè што е во ваша моќ да ја подобрите состојбата во општеството во кое живеете. Бог нека ни помогне и денес да го почувствуваме страдањето и болката на нашите ближни и да ги употребиме своите сили, средства и време за да ги упатиме на патот на спасението.

*Сабота, 18 април 2026*

## 3. Силата на Божјата Реч

**„Зашто, словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12).**

Пред многу години во Московскиот театар се случило нешто необично што убаво покажува колку силната Божја Реч е способна да го преобрази човекот. Идолот на публиката, Александар Ростов, станал христијанин додека ја глумел улогата во богохулната драма наречена „Исус во смокинг“. Требало да прочита два стиха од Проповедта на Гората, да ја соблече својата наметка и да викне „Дајте ми смокинг и цилиндар!“ Меѓутоа, додека ги читал зборовите: „Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небесно! Блажени се оние што плачат, зашто тие ќе се утешат!“, почнал да се тресе. Наместо да го следи текстот од драмата, продолжил да ги чита зборовите од Евенгелието според Матеј, петто поглавје, не обѕрнувајќи се на повиците од публиката и поткашлувањето на своите колеги, артисти. И, на крајот се сетил на стихот, кој уште како дете го научил во православната црква, и рекол: „Исусе, спомни си за мене, кога ќе дојдеш во Твоето Царство!“ И уште пред да се спушти завесата, Ростовјев го примил Исуса Христа како свој личен Спасител.

Истата сила на Божјата Реч се покажала за време на Павловиот тринеделен престој во Солун, иако можеби не бил толку драматичен. Тој пишувал потсетувајќи се на тоа време: „Зашто нашето Евангелие не дојде кај вас само со слово, туку и во сила и во Светиот Дух, и во полна увереност: сами знаете какви бевме меѓу вас, заради вас. Впрочем, верниците сами разгласуваат за нас, за нашето доаѓање кај вас, и како од идолите се обративте кон Бога за да Му служите на живиот и вистински Бог, и да Го очекувате од небесата Неговиот Син, Кого Тој Го воскресна од мртвите, Исус, Кој нè избавува од гневот што доаѓа“ (1. Солуњаните 1,5.9.10).

Божјата реч е навистина моќна, како остар меч со две острици. И ние, исто како и Верејците опишани во Дела апостолски 17,11, ја читаме Речта секојдневно. И на другите со доверба им ја пренесуваме. Бог ќе ја употреби за да ги увери грешниците колку на сите им се неопходни покајанието и спасението.

*Сабота, 25 април 2026*

### 4. Карпа на спасението

**„Надевајте се во Него сите луѓе во секое време; отворете го срцето ваше пред Него: Бог е нашето прибежиште“ (Псалм 62,8).**

Пред стотина години потонал прекуокеански брод пред југозападниот брег на Англија. Во ладната вода се нашол еден 16-годишник, кого брановите го фрлале таму-ваму кон карпестиот брег. Преживеал бидејќи стигнал до една поголема карпа и на неа останал цела ноќ. Кога најпосле го спасиле, го запрашале: „Зар не се тресеше цела ноќ додека се држеше за карпата“? Детето тогаш одговорило: Да, но карпата ниеднаш не се затресе!“

Древните Израелци од своите искуства во пустината научиле дека карпите се нешто повеќе од обични камења. Карпата може да послужи како засолниште за време на изненадна бура. Исто така обезбедува и дебела ладовина во текот на врелите денови. Им послужила како утврдување и засолниште од непријателот. Поради тоа поимот карпа бил толку важен за Давид и затоа тој Бог го нарекол своја карпа и утврдување, сила и засолниште. Давид од искуство знаел колку е важна карпата во моменти на неволја.

Исто како што древните Израелци нашле спасение во Бога кој ги извел од Египет, така и ние наоѓаме карпа на спасение во Бога, кој преку својот Син Исус Христос нè спасил од ропството на гревот. И кога ќе ни се заканат неволји, можеме да се потпреме на Бог како карпа на спасението со вера во Исуса Христа.

Боже, ти благодарам што и мене си ми карпа на спасение, моја тврдина и моја заштита!

*Сабота, 2 мај 2026*

## 5. Крстот

**„Мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот“ (Галатите 6,14).**

Со векови пред Исусовото раѓање, крстот се користел како средство за мачење и грозна смрт. Во 519 пред Христа, персискиот цар Дариј I распнал на крст 3000 политички непријатели во Вавилон. Таквиот метод на убивање подоцна го прифатиле Римјаните со кој ги казнувале робовите и оние кои не биле граѓани на Рим.

Кога Исус на Голгота ги поднел нашите гревови, како што тоа го опишува апостол Петар (1. Петрова 2.24), крстот попримил ново значење. Таму Спасителот воспоставил мир со својата крв на крстот и со тоа, на сите кои ќе поверуваат во Него, им овозможил спасение, помирување со Бога и спасение од вечната казна.

Апостол Павле ја разбрал смислата и значењето на крстот. Направил многу работи како што опишува во 11. глава на 2. Коринќаните, со кои непреобратените во својата лудост би се дрзнале да се гордеат и да се фалат пред другите. Но, како што саниот кажува во посланието до Галатите, неговата единствена мисла била: „А јас сум далеку од тоа да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого светот е распнат за мене, а и јас за светот!“ Нашите бедни настојувања се ништо кога ќе се споредат со Неговиот дел кој е толку сеопфатен и целокупен што со него му дал дар на спасение на целото човештво.

Воскреснатиот Исус, како Спасител, ги повикува сите луѓе да дојдат кај Него со понизност и вера. И кога ќе поверуваат дека Тој умрел наместо нив на тој крст, тие примаат од Бога проштавање за сите гревови. Да му заблагодариме денес на Бога за Христовиот крст. Нека му е слава на Исус за сѐ што поднел на крстот поради нас.

*Сабота, 9 мај 2026*

## 6. Благословено наследство

**„Преку Него ние бевме избрани за наследници, однапред определени според одлуката на Оној Кој врши сѐ според волјата Своја“ (Ефесјаните 1,11).**

Светиот Дух кој се населува кај секој верник, ни дава предвкус на славата која ќе ја наследиме на Небото. Затоа и се нарекува залог или гаранција на нашето наследство кое ќе го примиме од Бога во вечноста (Ефесјаните 1,13.14). Во библиското доба зборот „залог“ или „гаранција“ бил трговски поим кој значел заем, плаќање на првиот дел од вкупната цена. Тоа е некој вид ветување дека купувачот подоцна ќе ја исплати првата цена. Во начело, кога таквата гаранција е дадена, се гарантира и конечното плаќање. Исто така, радоста која сега ја доживуваме преку Божјиот Дух е само една мала прва рата од богатото наследство кое како Божји деца ќе го наследиме во вечноста.

Некој богаташ го повикал својот верен помошник во својата канцеларија и му рекол: „Го запишав твоето име во својот тестамент и еден ден ќе примиш 1.000.000 долари. Бидејќи сето тоа ќе се оддолжи и ќе стане правосилно дури по мојата смрт, а јас сѐ уште не мислам да умрам, сакам да те усреќам со тоа што уште од сега ќе почнам да ти исплаќам камата за тој износ. За почеток, еве ти чек од 600 долари“. Изненадениот човек бил многу благодарен. Ветеното наследство звучело прекрасно, но било далеку. Меѓутоа, сумата што ја примил однапред давала совршена гаранција дека еден ден ќе го добие полниот ветен износ.

Како Божји деца се радуваме на богатството кое уште сега го уживаме во Христа преку Светиот Дух.

Нашите сегашни благослови се само мал дел од големото наследство кое еден ден ќе го примиме.

*Сабота, 16 мај 2026*

## 7. Ѓубривото сигурно помага

**„Јас посадив, Аполос полеа, но Бог направи да израсне“ (1. Коринќаните 3,6).**

Учителот по веронаука покажал голема билка во училницата и ги запрашал учениците: „Кој направи ова убаво цвеќе да расте?“ Едно дете веднаш одговори „Бог го направи тоа!“ Учителот по веронаука бил пријатно изненаден од таквиот одговор, но пред да може да додаде некоја забелешка на таа изјава, друго дете веднаш рекло „А, и ѓубривото сигурно помага!“

Тоа дете ја допрело и таа друга страна, мешањето на човечкото дејствување со божествената мисла на растот. На пример, Бог го создал овој свет со сè што во него расте, но го поставил човекот во градината за да ја обработува.

За таа вистина наоѓаме споредба во духовната содржина. Апостолот Павле го напишал следното: „Јас посадив, Аполос полеа, но Бог направи да израсне“ (1. Коринќаните 3,6). Пишувајќи го тој текст, намерата му била да нагласи дека Бог е одговорен за тој раст. И така, Бог во текот на историјата на човештвото дејствувал постојано, но и соработувал со верни луѓе кои го вложиле својот труд верни на Бога. Забележете ги овие изјави: Павле „посадил“ а Аполос „полевал“.

Сите ние мора да признаеме дека Бог е единствениот кој прави нешто да расте во природата, но и во Црквата. Но, исто така сме свесни дека Тој сака и ние луѓето да соработуваме со Него, и дека само кога соработуваме според Неговиот план тоа што го правиме можеме да кажеме дека „помага.“ Бог е верен во извршувањето во својот дел од работата. А дали сме верни и лојални да го извршиме оној наш дел кој ни го доверил Бог. Всушност, Бог на секој му дал одредена задача која нè повикал да ја извршиме. Но тоа мораме да го направиме од љубов, за нашата служба кон Него да му донесе слава, а нам и на другите

околу нас благослов.

*Сабота, 23 мај 2026*

## 8. Каде исчезна љубовта?

**„Вака вели Господ: ’Каква неправда најдоа во Мене татковците ваши, та се оддалечија од Мене, ја прифатија суетата и станаа суетни?’“ Еремија 2,5.**

Новата љубов како да дава некој полет. Ако тоа сѐ уште не сте го искусиле, сигурно сте виделе како е тоа кај младите брачни двојки. Се чини дека не е важно дали тие се стари дваесеттина или седумдесет години. Љубовта како да го краси нивното лице и нозете им потскокнуваат од радост.

Но, не се гледа тоа само кај брачните односи, каде секако треба да преовладува љубовта. Тоа можеби се забележува и кај човек кој купил нов спортски автомобил. Речиси секој ден го мие и го светнува, и внимава на него. Дали тоа е некој нов автомобил или некој нов меѓучовечки однос, на почетокот сме воодушевени. Меѓутоа, како што минува времето, се намалува и тоа воодушевување. Често се разочаруваме кога гледаме дека нашите надежи не биле реални. Можеби тоа е лекување од слепа љубов. Или откриваме дека она што сме го сметале за убав и прекрасен однос, воопшто не е онаков каков што сами себе сме си го претставувале. Ако врховен предмет на нашето одушевување не е Бог, туку некој предмет или личност, кога-тогаш сигурно ќе се разочараме.

Но, спротивно на тоа, кога човек ќе ја изгуби својата прва љубов кон Бога, грешката не е во Бога. Автомобил, куќа, па дури и брачен другар се покажуваат дека се далеку од оној замислен идеал. Но, со Бога не е така. Ако нашиот однос се излади, грешката не е од страна на Бога. Грешката е во нас, поради погрешното познавање на Бога.

Како е со вас? Дали можете искрено да кажете дека нашиот Спасител е онаков каков што навистина е? Дека неговата љубов

е непогрешлива и бесконечна? Ајде и денес да размислуваме за Бога и повторно да стапиме во длабока врска со Него. Да ја отвориме вратата на нашето срце, да дојдеме кај Него во молитва. Да се поврземе со Него со вечните врски на љубовта, зашто не постои причина нашата прва љубов кон Бога некогаш да олади.

*Сабота, 30 мај 2026*

**9. Поучи се од твојот тревник**

**„Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“ (Јован 17,17).**

Кога е време за полугодишната обработка на тревникот, тоа значи чистење од плевелот и ѓубрење на тревата. Мешавината од вештачко ѓубриво и други хемикалии има двојно дејство. Го уништува плевелот, а на тревата и дава нов живот. Првиот знак дека таа мешавина дејствува е појавата на кафеави, празни места во тревникот. Откако е уништен плевелот, тој се претвора во исушена трева, а потоа на тоа место може да порасне нова трева.

Тоа е слично и со нашето духовно искуство. Нашиот христијански живот честопати е обезличен со грд плевел, кој расте побрзо од благородната трева, а се изразува преку себичноста и наследената изопаченост. Верникот сака да живее во заедништво со Бога, сака да биде извор на сила и да може да им помогне на ближните. За да се оствари тоа, мораме постојано да бидеме во заедница со Бога, и соработувајќи со Него, Тој да дејствува во нас уништувајќи го сè она што го спречува растот на здравото духовно растение.

Како се постигнува тоа? Библијата ни вели дека „Посеаното, пак, во трње е оној што го слуша словото, но грижите од овој свет и примамливото богатство го задушуваат словото и тоа останува без род“ (Матеј 13,22). Иако тоа првенствено се однесува на семето на Божјата реч кое паѓа на различно земјиште, тоа начело може да се примени и на сите христијани. Бог ни ја

открива вистината и неговиот повик е  да ја применуваме живата Божја реч на сите подрачја во нашиот живот, за таа да ни покаже што е тоа што е непогодно во нас. И кога ги признаваме гревовите и се одвраќаме од нив, доживуваме Исусовата изјава да се обвистини во нас, бидејќи сме очистени преку моќната Божја реч, која Тој лично ни ја упатил. Нека и денес нашите срца бидат повторно очистени додека ја проучуваме верната Божја Реч и Божјата сила нека внесе нов живот во нас.

*Сабота, 6 јуни 2026*

**10. Како да се биде слободен?**

**„Беззаконикот го фаќаат неговите сопствени беззаконија, и врските на гревот негов го држат“ (Мудри изреки 5,22).**

Човековиот дух тежнее за слобода. Меѓутоа, многумина таквата желба ги води во уште поголемо ропство. Птицата е слободна во воздухот. Ставете птица под вода, и таа ќе ја изгуби својата слобода. Рибата е слободна во водата, но ако ја оставите на морскиот брег, таа ќе загине. Христијанинот е слободен кога ја извршува Божјата волја и е послушен на неговите заповеди. За христијаните тоа е природна околина, како што се водата за рибата и воздушната висина за птицата.

Иако цар Соломон не го употребил зборот „слобода“ во својот опис во Мудри изреки 16 глава, сфатил дека слободата се наоѓа единствено во опкружувањето на почитувањето на Бог и неговата Реч. Наспроти тоа, ропството ги снаоѓа оние кои ја занемаруваат Божјата вистина. Слободата се остварува со **понизност, надеж, внимателни разговори и самоконтрола.** Меѓутоа, во ропство се оние кои ги води побуна, злоба, дрскост, нетрпеливост, кавга.

Сакате ли да бидете слободни? Исус рекол: „Тогаш Исус им говореше на Јудејците, што беа поверувале во Него: ’Ако вие оста-

нете во Моето слово, навистина ќе бидете Мои ученици; и ќе ја запознаете вистината, и вистината ќе ве ослободи" (Јован 8,31.32).

Исус е единствениот извор на вистинска слобода.

Ти благодарам Боже, што ни нудиш таква слобода, каква што овој свет сè уште не запознал. Дај ни сила да секогаш бидеме во таа слобода и на другите да им го објавиме Исус Христос, единствениот ослободител.

*Сабота, 13 јуни 2026*

## 11. Верен до смрт

**„Не плаши се воопшто од она што ќе треба да го истрпиш. Ете, ѓаволот некои од вас ќе фрли в затвор за да ве искуша, и ќе бидете нажалени десетина дни. Биди верен до самата смрт и ќе ти го дадам венецот на животот" (Откровение 2,10).**

Постојат христијански песни кои се пеат за лојалните и верни луѓе кои биле прогонети поради Христа. Во врска со тоа можеме да слушнеме од некои: „Колку би било убаво кога и ние би биле прогонети поради Христос како нив!" Меѓутоа, малкумина од нас сме искусиле страдања и мачеништво поради нашата вера во Исуса Христа. Како би се однесувале кога би дошол период на мачеништво на Христовите следбеници? Она што може да се повтори ќе се повтори!

Јан Хус, чешки реформатор, бил спален на клада во 1415 година. Пред неговите тужители да го запалат огнот, на главата му ставиле хартиена круна на која биле нацртани ѓаволи. На тоа задевање тој им одговорил со зборовите: „Мојот Господ, Исус Христос, поради мене носел на својата глава круна од трње; зошто јас, поради него не би ја носел оваа лесна круна од хартија? Секако, тоа ќе го поднесам лесно и со драга волја!"

Кога ги наредиле дрвата за огнот, сè до неговиот врат, баварскиот војвода го прашал дали ќе се откаже од своето проповедање. Потпирајќи се во потполност на Божјата реч, Хус одгово-

рил: „На темелот на вистината на Евангелието кое го проповедам, со драга волја и радосно денес ќе умрам". Дрвото било потпалено и Хус умрел додека пеел: „Исусе Христе, Сине на живиот Бог, смилувај ми се!"

Ако Бог во своето провидение и нас денес нè повикува да го положиме својот живот за Христа и Евангелието, дали би му останале верни? Дали и понатаму би го славеле Бога? Најголемата подготовка за таквата проверка на нашата постојаност е во градењето на постојана, жива и силна заедница со Бога што сигурно ќе произведе едно доследно почитување и служење на Бога од длабока љубов. Во колкава предност се оние на кои Бог им дозволил да бидат цел на гневот на овој свет, и кои со драга волја би го дале својот живот за Него! Нека Божјата љубов така го допре нашето срце за и нашиот живот да биде означен со таков квалитет!

*Сабота, 20 јуни 2026*

## 12. Присутен во Духот

**„А бидејќи вие сте синови, Бог Го испрати Духот на Својот Син во срцата ваши, кој вика: Ава, Оче!" (Галатите 4,6).**

Во последните денови на Втората светска војна, генералот Даглас Мекартур го одржал ветувањето кое им го дал на Филипинците кога во 1942 година бил присилен да го напушти островот. Се вратил со доволно војници да им помогне на Филипинците да ја ослободат татковината. Благодарни за неговата помош која стигнала кога сè изгледало изгубено, владата во Манила, подоцна им наредила на своите трупи, за време на воената парада да им стане традиција да го извикуваат Мекартуровото име. Секоја чета имала свој офицер кој на тој повик одговарал со одговорот: „Присутен во духот!" Тој симболичен гест им помогнал да се присетат на храброста на генералот и неговото посветување и тогаш кога тој нема да биде меѓу живите.

Тие зборови „Присутен во духот“ ме потсетуваат на Оној кој во стварноста е присутен во секој наново роден верник. Кога Исус дошол на оваа земја како наш Спасител, умрел на крстот и воскреснал, со што ни овозможил да го победиме нашиот непријател. Откако Исус ја напуштил оваа земја, го испратил Светиот Дух, на денот Педесетница, во животот на секој верник. Иако Исус сега не е веќе меѓу нас во телесен облик, преку неговиот Дух Тој и денес живее во нас.

Ако филипинските војници во едноставниот војнички обред се храбреле сеќавајќи се на Мекартур, колку ние, како христијани, би мораме да се охрабруваме со присутноста на Светиот Дух кој нè осведочува, води, охрабрува и посветува! Единствено мораме да се подложиме на неговото водство и управување. Победата ни е осигурана бидејќи Бог ни дал ветување дека Тој ќе биде постојано со нас.

*Сабота, 27 јуни 2026*

## 13. Како Него

**„Зашто оние, кои однапред ги позна, нив и ги предопредели да бидат сообразни со ликот на Неговиот Син, та Тој да биде првороден меѓу многуте браќа“ (Римјаните 8,29).**

Бог не е заинтересиран само да нè спаси од смртта и да нè одведе на Небото. Тој сака да бидеме обликувани според ликот на Неговиот Син, Исус Христос. Некој рекол дека небесниот Татко толку ужива во својот Син, што одлучил да го наполни Небото со луѓе кои ќе Му бидат слични.

И кога Исус повторно ќе дојде, ќе бидеме како Него, како што тоа го опишува апостол Јован во првото негово послание 3.2. Меѓутоа, постапката да станеме како Него почнува овде на Земјата, сега. Како сето тоа се случува? Таа постапка може да се протолкува кога ќе сфатиме што значи поимот „сè“ со речени-

цата - „А знаеме дека на оние што Го љубат Бога и се повикани по Негова волја, сè им содејствува за добро“ (Римјаните 8,28). Во тоа спаѓаат искушенијата и заболувањата, казнувањето и прочистувањето, одрекувањето и трпението. За да станеме како Него, мораме да го следиме Исуса Христа, а тој пат е пат на одрекување, жртвување и победа над искушенијата.

Да го следиме Исуса значи дека сме подготвени со цело срце да појдеме со Него во Гетсиманската градина и на ридот на Голгота. Мораме да бидеме желни да го издржиме трпението и страдањето, како и отфрлувањето од оние кои го отфрлиле Исуса. Но, да го следиме Исус, тоа нè води и до празниот гроб и местото од десната страна на Бог Отецот. Апостол Павле рекол дека оние кои ќе го следат Исуса Христа, со него ќе го делат и самото вокресение. А ако издржиме и претрпиме со Него, тогаш ќе владееме и со Него, како што напишал апостол Павле во 2. Тимотеј 2 глава.

Да, Бог се служи со сите можни средства да направи да станеме луѓе што послични на Христа. Ова богослужение нека донесе нов благослов на промена и сила и помирување со Него на сите нас кои со радост го очекуваме денот на Неговото доаѓање.

ГРАДИВО 2/2026
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**